## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ПЕДАГОГИЈА И ЕЛЕМЕНТАРНО ОБРАЗОВАНИЕ (СИСТЕМИ И МЕТОДИ) НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука бр.1602-105/3 донесена на 72. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки, одржана на 24.3.2015 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за научните области *педагогија* и *елементарно образование (системи и методи)* на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" на 7/8 март 2015 година.

Во предвидениот рок на Конкурсот се пријави еден кандидат, д-р Соња Петровска, вонреден професор на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Врз основа на анализата на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Вонреден професор **д-р Соња Петровска** е родена на 11 август 1962 година во Штип, Р. Македонија. Основно и средно гимназиско образование завршува во родното место. Во 1983 година дипломирала на Вишата педагошка академија, Отсек за одделенска настава во Штип при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Своето образование го продолжува на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Филозофски факултет, Институт по педагогија, каде што се стекнува со звање – дипломиран педагог. Во 1996 година Соња Петровска се запишува на магистерски студии на Филозофскиот факултет, Одделение за педагогија при Универзитетот во Белград, Р. Србија. На 9 мај 2000 година со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Семејната средина како поттик за успех на учениците во основното училиште" се стекнува со звање магистер по педагогија. На 9 јули 2005. година, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Филозофски факултет, Институт по педагогија, со одбрана на докторската дисертација со наслов „Воспитниот статус на македонското семејство и училишната успешност на децата" се стекнува со звање доктор на педагошки науки.

Од 1983 година до 1996 година проф. д-р Соња Петровска работи како одделенски наставник во неколку основни училишта на територијата на Општина Штип и како училиштен ментор учествувала во практичното оспособување на студентите од тогашната Педагошка академија во Штип.

На 1 септември 1996 година е избрана за помлад асистент на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев" – Штип при Универзитетот „Св. Кирил и Методи" – Скопје по предметите: Училишна педагогија и Педагошка практика на Одделот за одделенска настава и Педагошка практика на Одделот за предучилишно воспитување. На 17 јули 2002 година е избрана во звање асистент за истите предмети. Во периодот од 2003 до 2005 година е вклучена во реализација на наставата и вежбите и по предметот Методика на наставата по македонски јазик.

На 20 декември 2005 година д-р Соња Петровска е избрана во звање доцент по предметите: Училишна педагогија, Педагошка практика и Педагогија на слободно време на Одделот за одделенска настава и Педагошка практика и Педагогија на слободно време на Одделот за предучилишно воспитување. Од 3 март 2008 година е ангажирана за реализирање на настава и испити по предметот Педагогија на Студиската програма за стекнување на наставнички компетенции за студенти дипломирани на ненаставнички факултети.

На 7 септември 2010 година на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, д-р Соња Петровска е избрана во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научните области: педагогија, елементарно образование (систем и методи) и образование на наставници.

Од учебната 2009/2010 година започнува да реализира настава и вежби на втор циклус студии на Педагошкиот факултет, по предметите: Училишна педагогија и училишна организација (тематски пристап), Планирање на училиштен развој, Училиштето семејството и локалната средина.

Професионалниот развој на проф. д-р Соња Петровска, од 1983 година до денес, е поткрепен со голем број обуки и семинари. До 1996 година нејзиниот професионален развој (формален и неформален), главно, е насочен кон зајакнување и проширување на наставничките компетенции, а во понатамошниот период и пошироко (научно-стручно) во областа на педагогијата и системите и методите на основното образование и образованието на наставници. Низ повеќе обуки и семинари таа се стекнува со компетенции за примена на современи методи на учење и поучување, како и со компетенции неопходни за имплементација на болоњскиот пристап/модел во креирање и реализирање на предметни и студиски програми.

***Обуки и семинари***

1. „Активна настава – интерактивно учење“ – СОРОС (2000-2003).
2. „Со читање и пишување до критичко мислење“ – СОРОС (2001-2003).
3. „Креативна настава и учење“, USAID I FOSIM (2005-2008) - I семинар за наставничкиот кадар од педагошките факултети во Р. Македонија (2-4 декември 2005 г., Охрид).
4. „Развој на курикулуми во светлото на Болоњскиот процес - ЕКТС како врска меѓу академското признавање, квалификационата рамка и обезбедувањето на квалитетот“ - II семинар за наставничкиот кадар од педагошките факултети во Р. Македонија (29 јануари 2006 г., Охрид).
5. „Работилници за редизајнирање на студиските програми за образование на наставници на Педагошкиот факултет, УГД, Штип“ (13-16 март 2008 г., Охрид). Училишна медијација OSCE, TCMC I ZFD – Германија (12-14 април, 2013, Битола).

Како субкоординатор, предавач, панелист, консултант, главен истражувач и раководител на студенти учествувала во реализацијата на неколку проекти: „Партнерство и демократија во образованието“ – ТЕМПУС, носител Педагошки факултет – Битола 2003-2005 (супкоординатор за Педагошки факултет - Штип како партнер); Заеднички денови на учење преку целиот живот (“Joint Days of Lifelong Learning” 05MAC02/02/104), Европска агенција за реконструкција – Скопје, КАРДС, Програма за соседство Македонија - Бугарија, 2005-2008 (предавач*); „Рака за рака: Малите Бугарчиња и Македончиња“ IPA CROSS-Border Programme CCI Number 2007CB16IPO007 Project: RD-02-29-162/23.07.2012 Ref.: 2007CB16IPO007-2011-2-104,* Strengthening Capacity to Work in a Multi-Ethnic Society for Professionals in Education and Social Services, OSCE, декември – април 2009/2010 (раководител на студенти); Проект за меѓуетничка интеграција во образованието, УСАИД и МЦГО, 2013-2014 (панелист); „Зајакнување на интеретничката работа со млади во универзитетскиот курикулум за идни наставници”, од 2014 до 2016 г., Центар за балканска соработка LOJA – Тетово и KURVE Wustrow e. V. - Вустров, Германија, (предавач). Во рамки на проектот *„Рака за рака: малите Бугарчиња и Македончиња“ IPA CROSS-Border Programme CCI Number 2007CB16IPO007 Project: RD-02-29-162/23.07.2012 Ref.: 2007CB16IPO007-2011-2-*104, била консултант и реализатор на две работилници.

Во последниот изборен период проф. д-р Соња Петровска била рецензент на неколку учебници, скрипти и практикуми. Како и рецензент на еден проект.

Во текот на својата наставно-научна кариера таа учествувала и дала придонес во развојот на наставно-научен и млад истражувачки кадар како: рецензент за избор на соработнички и наставно-научен кадар, ментор и член на дипломски, магистерски и специјалистички трудови и еден од акредитираните ментори на трет циклус студии на Факултетот за образовни науки.

Проф. д-р Соња Петровска била член на научни и организациони одбори на научни и стручни конференции, уредник е на годишниот зборник на Факултетот за образовни науки и член на Редакцискиот одбор на списанието *Воспитание*, ФОН, Универзитетот „Гоце Делчев – Штип.

Во рамки на проектот „Партнерство и демократија во образованието" – ТЕМПУС, носител Педагошки факултет – Битола (2003-2005) како субкоординатор за Педагошки факултет - Штип (партнерска институција) кандидатката остварила два кратки/еднонеделни студиски престои во Малме (Шведска) и Гронинген (Холандија) со цел запознавање и проучување на современите тенденции во демократизацијата на училишниот контекст.

Таа учествува во развојот на својот факултет. Активен партиципиент е во работата на повеќе комисии и тела на Факултетот и Универзитетот: Комисија за разгледување на барања од студенти, Дисциплинска комисија, Комисија за нормативна и издавачка дејност, Комисии за изработка на студиски програми за прв, втор и трет циклус на студии. Значаен придонес дала во креирањето на студиските програми за одделенска настава (прв циклус); Училишна педагогија (втор циклус) и Училишна педагогија (трет циклус).

Д-р Соња Петровска активно се вклучува и во професионалниот развој на наставниците во Р. Македонија. Со Одлука на БРО на Р. Македонија била ангажирана за реализирање на четири дводневни обуки на средношколски наставници на тема „Современи методи во наставата, активно вклучување на учениците и поттикнување на нивната креативност". Во два мандати била претседател на Државната комисија за полагање на стручен/приправнички испит на наставници во одделенска настава (Решение од министерот за образование и наука бр. 10-62/1 од 10.1.2011 г.).

Кандидатката преку учество во повеќе трибини и јавни настапи го промовира општественото значење на наставничката професија. Таа членува и учествува во работата на неколку професионални асоцијации: член на Граѓанската асоцијација на учители – Штип, член на Извршниот одбор на граѓанската асоцијација на учители и член на Комисијата за доделување на признанието *Учениците и професорите на учителската школа „Гоце Делчев", Штип*; член на Научно друштво за образование и педагогија – Скопје, Р. Македонија.

Во текот на тридецениското работење, во континуитет, д-р Соња Петровска својата научноистражувачка работа ја презентира на домашни и странски конференции, симпозиуми и трибини релевантни за нејзините области на проучување. Објавила повеќе од шеесетина научни и стручни трудови во домашни и меѓународни научни и стручни списанија и публикации, еден учебник „Училишна педагогија и училишна организација - одбрани поглавја (2010)", една научна книга „Семејството и воспитанието на децата (2009)" и еден прирачник „100 подвижни натпреварувачки игри за децата од I до IV одделение (1996)".

*(Репозиториум:http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Petrovska=3ASonja=3A=3A.html)*

Проф. д-р Соња Петровска била член на Универзитетскиот сенат, член на Интеруниверзитетската конференција на РМ, раководител на Одделот за одделенска настава. Во моментот е декан на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор***

Кандидатката проф. д-р Соња Петровска ги исполнува законските услови за избор во звање редовен професор, односно со рецензија во Универзитетски билтен број 44 од 16.8.2010 година и Одлука бр. 2102-66/7 од 7.9.2010 година на Наставно-научниот совет на Педагошки факултет на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип е избрана во звање вонреден професор за наставно-научните области: педагогија, образование на наставници и елементарно образование (систем и методи).

Во последниот изборен период има објавено седум научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации и списанија со фактор на влијание индексирани во релевантни, за нејзините области на

проучување, дата бази (Ebsco, Google scholar и Scopus), што е дополнителна потврда на квалитетот на научноистражувачката работа на проф. Петровска.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание/публикација | Години на излегување |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Petrovska, Sonja** and Bocvarova, Jadranka | Media in preschool age of child's life | Педагогика научнотеоретично и методическо списание, 85 (6). pp. 877-889. ISSN 1314-8540 | 15 |
| 2. | **Petrovska, Sonja** and Sivevska, Despina and Cackov, Oliver | *Role of the Game in the Development of Preschool Child.* | Procedia - Social and Behavioral Sciences, 92. pp. 880-884. ISSN 1877-0428 | 5 |
| 3 | **Petrovska, Sonja**, Stavreva Veselinovska, Snezana | *Contemporary Pedagogical Approaches for Developing Higher Level Thinking on Science Classes.* | Procedia - Social and Behavioral Sciences, 92. pp. 702-710. ISSN 1877-0428 | 5 |
| 4. | **Petrovska, Sonja** and Sivevska, Despina | *How Macedonian educational context supports leadership role of elementary school teachers.* | Procedia - Social and Behavioral Sciences, 116. pp 4098-4102. | 5 |
| 5. | **Petrovska, Sonja** and Stavreva Veselinovska, Snezana | *The Practical Component of the Study Program for the Education of Class Teachers - Faculty of Educational Sciences, the Republic of Macedonia.* | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 15 (1). pp. 498-508. ISSN 2307-4531 (3) | ИФ 0,32 |
| 6. | **Petrovska, Sonja** | *Characteristics of Successful Systems for the Evaluation of Teachers' Work.* | Proceeding- 9th International Balkans Education and Science Congress, 9 (1). pp. 990-993. | Зборник од научна конф. 9 години |
| 7. | Snezana Mirascieva, **Sonja Petrovska,** (2015) | *Family and School - Creators of a Child's Educational Context,* | *International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR) (2015) Volume 20, No 1, pp 334-348* | ИФ 0,32 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Проф. д-р Соња Петровска на 1 септември 1996 година е избрана за помлад асистент на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев" – Штип при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје по предметите: Училишна педагогија и Педагошка практика на Одделот за одделенска настава и Педагошка практика на Одделот за предучилишно воспитување. На 17 јули 2002 година е избрана во звање асистент за истите предмети. Во периодот од 2003 до 2005 година била вклучена во реализација на наставата и вежбите и по предметот Методика на наставата по македонски јазик.

На 20 декември 2005 година д-р Соња Петровска е избрана во звање доцент по предметите: Училишна педагогија, Педагошка практика и Педагогија на слободно време на Одделот за одделенска настава и Педагошка практика и Педагогија на слободно време на Одделот за предучилишно воспитување. Од 3 март 2008 година е ангажирана за реализирање на настава и испити по предметот Педагогија на Студиската програма за стекнување на наставнички компетенции за студенти дипломирани на ненаставнички факултети.

Во 2008/2009 година д-р Соња Петровска следејќи ги потребите за унапредување на наставничката професија, а согласно со Заедничките европски принципи за компетенции и за квалификации на наставникот, како изборен (I циклус на студии), го воведува студискиот предмет – Организација на училишна установа.

Од учебната 2009/2010 година започнува да реализира настава и вежби на втор циклус студии на Педагошкиот факултет, по предметите: Училишна педагогија и училишна организација (тематски пристап), Планирање на училиштен развој, Училиштето семејството и локалната средина.

На 7 септември 2010 година, на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, д-р Соња Петровска е избрана во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научните области: педагогија, елементарно образование (систем и методи) и образование на наставници.

Д-р Соња Петровска денес работи на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, на истата единица, преименувана како Факултет за образовни науки и реализира настава на првиот циклус студии на Одделот за одделенска настава и предучилишно воспитување, по предметите: Училишна педагогија, Училишна организација, Инклузивно образование, Семејна педагогија, Методика на воспитно-образовната работа по природната и општествената средина и Методика на наставата по математика 1. Вклучена е во реализација на наставата на прв циклус студии по предметите Училишна педагогија и Училишна организација на студиските програми Биологија и Географија (наставна насока), на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

На вториот циклус студии, на Факултетот за образовни науки е ангажирана за предметите: Училишна педагогија и училишна организација (тематски пристап), Планирање на училиштен развој, Училиштето семејството и локалната средина, Инклузивно образование, Теориски основи на институционалното образование, Современи концепти на социјалната педагогија.

Таа учествува и во реализацијата на наставата на програмата за стручно и професионално усовршување на наставниците - Стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка. Ангажирана е за предметите: Педагогија и Училишна организација.

Во текот на тридецениското работење, во континуитет, д-р Соња Петровска својата научноистражувачка работа ја презентира на домашни и странски конференции, симпозиуми и трибини релевантни за нејзините области на проучување. Објавила повеќе од шеесетина научни и стручни трудови во домашни и меѓународни научни и стручни списанија и публикации, еден учебник „Училишна педагогија и училишна организација - одбрани поглавја (2010)", една научна книга „Семејството и воспитанието на децата (2009)" и еден прирачник „100 подвижни натпреварувачки игри за децата од I до IV одделение (1996)". *(Репозиториум:* http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Petrovska=3ASonja=3A=3A.html)

Анализата на научноистражувачкото творештво на д-р Соња Петровска покажува дека станува збор за совесен, сериозен, креативен и методолошки коректен научен работник. Во нејзините трудови (за последниот изборен период) се иницираат, елаборираат, анализираат, критички обработуваат и емпириски истражуваат современи проблеми кои се предмет на интерес на педагошката наука: односите на училиштето со општествената средина, теориите за училиштето, улогата на наставниците во обезбедување и развиток на воспитно-образовниот квалитет, организација на училиштето, ефектите од реформите и современите тенденции во развојот на училишното образование. Мошне виспрено користи референтна литература, заклучува и предлага начини и модели за зголемување на ефективноста и ефикасноста на воспитно-образовната работа во училиштата.

***Евалуација на научните и стручните трудови објавени во последниот изборен период***

**(2010-2015)**

**Репозиториум:http://eprints.ugd.edu.mk/view/creatorsPetrovska=3ASonja=3A=3A.html**

1. Snezana Mirascieva, **Sonja Petrovska,** (2015) *Family and School - Creators of a Child's Educational Context, International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR) (2015) Volume 20, No 1, pp 334-348*

Трудот претставува елаборација на резултати од емпириско истражување реализирано преку проучување на ставовите и мислењата на родителите и наставниците во однос на честотата, формите и содржините на меѓусебната комуникација насочена кон градење на воспитно-образовниот контекст на учениците. Истражувачката цел е фундирана врз веќе многупати потврдена хипотеза – Од педагошките карактеристики на училишно-родителската соработка зависи воспитно-образовната успешност на децата. Авторите врз соодветно поставен методолошки пристап, користејќи ја дескриптивно-аналитичката метода заклучуваат дека: родителите и наставниците имаат различно мислење по однос на формите и содржината на меѓусебната комуникација (статистички сигнификантни разлики и умерено влијание на видот на испитаниците врз ставовите), соработката е повремена/инцидентна, а формите и содржините се главно традиционални. Ова врз квалитетот на родителско-училишната соработка создава услови за креирање на различен воспитно-образовен контекст за учениците, што пак директно се рефлектира врз развојот на нивната личност и воспитно-образовите исходи. Ваквата состојба долгорочно води кон распад на клучниот воспитно-образовен фактор: семејство-училиште. Во трудот посебно се истакнува потребата од планирано и систематско воведување на отворен курикулум за развој на родителско-училишна соработка втемелена на принципите на партнерство.

**Petrovska, Sonja** (2014) *Моќта и дострелот на родителското воспитание*. Современото воспитание и образование-состојби, предизвици и перспективи, 1 (2). pp. 30-37. ISSN 978-608-242-001-1

Трудот претставува анализа и вреднување на теориски поставки и емпириски наоди кои ги откриваат и потврдуваат механизмите низ кои родителите ја остваруваат својата воспитна функција. Посебниот оригинален придонес на авторот се огледа во успешниот обид да се вкрстат релевантни историско-теориски и современо-емпириски сознанија, да се систематизираат и да се откријат можни законитости и модели на механизми низ кои родителите ја остваруваат воспитната функција. Посебно се третира прашањето на родителската моќ/власт како средство за воспитно-образовно дејствување. Мошне аргументирано авторот заклучува дека: родителската власт/моќта во процесот на родителско - детските односи има двонасочен, но асиметричен карактер; родителите своите деца ги третираат како партнери со различно ниво на власт/моќ. Авторот ја отфрла можноста овие процеси и односи да се окарактеризираат како апсолутно симетрични, зашто во семејството „потчинетиот" (детето) скоро во потполност зависи од родителите (психофизички, материјално, емоционално и социјално); свесно или несвесно ги прифаќа целите, мотивите и одобрувањата на оние кои поседуваат моќ; се судрува со противречната суштина на семејните односи кои се неформални, но се одвиваат по определени правила. Сепак, родителската власт е неопходна и очекувана од децата - таа треба да им обезбеди чувство на сигурност и поддршка. Но, кога оваа власт е прекумерна, неправедлива, ненавремена или егоистична, таа ги кочи децата во нивниот развиток, ги прави несигурни, плашливи и неспособни сами да донесуваат решенија.

**Petrovska, Sonja** (2014) *Characteristics of Successful Systems for the Evaluation of Teachers' Work*. 9th International Balkans Education and Science Congress, 9 (1). pp. 990-998.

Во трудот се анализирани и елаборирани нови и актуелни искуства и научни сознанија кои даваат насоки за создавање и имплеметнтирање на успешни системи за вреднување на работата на наставниците. Авторот со високо ниво на методолошка коректност користејќи го методот на теориска анализа преку преглед на релевантни научно-стручни сознанија предложил теориски модел на висококвалитетен систем за вреднување на наставниците и го опишал преку неколку карактеристики: воспоставен динамичен баланс меѓу потребите за развој на училиштето како институција и потребите за усовршување на наставниците, систематска комуникација, соодветна клима за оценување, технички ефективна и ефикасна структура на системите, и користење на повеќе извори на податоци.

Stavreva Veselinovska, Snezana and **Petrovska, Sonja** (2014) *Developing the ability of learning and thinking at a higher level at science classes creative challenge or intellectual risk?* Zbornik radova - 2 Megunarodna znanstvena konferencija, 2 (2). pp. 249-259. ISSN 978-9958-16-023-3

Трудот третира многу актуелен и значаен проблем поврзан со наставата по биологија. Развивањето на способности за учење како клучна цел на училишното образование во трудот се елаборира од аспект на улогата на наставникот и училиштето во планирање, организирање и реализирање на активности насочени кон развој на учениковата креативност и повисоките нивоа на мислење. Теориската основа на истражувањето е Блумовата таксономија на наставни цели. Истражувањето има дескриптивно-аналитички карактер. Реализирано е на намерен примерок од 11 наставници по биологија. Нивното искуство, практика, ставови и мислења во однос на примената на инструкциски стратегии на поучување се проучени со помош на протокол за полуструктурирано интервју. Клучните наоди имаат исклучително значење за унапредување на наставата по биологија. Интригантен е податокот кој открива дека иако наставниците со високо ниво на согласност ја опишуваат сопствената наставна практика како недоволно инструктивна во поглед на развојот на способности кај учениците за повисоки форми на мислење значајни разлики се идентификувани меѓу мислењата на наставниците во однос на развиеноста на способностите на учениците за критичко размислување. Оттука и предлогот на авторите за понатамошни истражувања во насока на детектирање на можностите за развој на нови методичко-дидактички приоди и имплементација на постојните.

**Petrovska, Sonja** and Sivevska, Despina (2014) *How Macedonian educational context supports leadership role of elementary school teachers*. Procedia - Social and Behavioral Sciences, 116. pp. 4098-4102.

Во трудот се третира проблемот на лидерството во образовниот контекст. Посебно се анализирани законски и подзаконски акти кои ја регулираат наставничката професија, раководењето и управувањето со училиштата во Р. Македонија и училишни документи и планови за развој. Истите се компарирани со научни сознанија кои го откриваат значењето на лидерството за училишниот развој. Со помош на квалитативниот пристап авторите делумно успеваат да ја потврдат хипотезата дека наставниците имаат клучна улога во процесот на развој на училишната организација.

Petrovska**, Sonja** and Stavreva Veselinovska, Snezana (2014) *The Practical Component of the Study Program for the Education of Class Teachers - Faculty of Educational Sciences, the Republic of Macedonia*. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 15 (1). pp. 498-508. ISSN 2307-4531

Суштинско прашање за кое сè почесто дискутираат креаторите на образовни политики, вработените наставници, студентите и научниците е соодветноста на практичната компонента во студиските програми за иницијално образование на наставниците. Трагајќи по ефективен и ефикасен модел за воспоставување на соработка на Факултетот за образовни науки со менторските училишта авторите реализирале истражување со цел да ги откријат слабостите и предностите на постојниот модел за практично оспособување.

Истражувањето е студија на случај. Реализирано е на примерок од 45 редовни студенти - апсолвенти на Факултетот за образовни науки – Отсек за одделенски наставници во Штип, Р. Македонија. Користен е аналитичко-дескриптивен метод. Со помош на специјално дизајниран прашалник – скалер се проучени ставовите и мислењата на студентите во однос на два аспекти на постојниот модел за практично оспособување: сензитивирање на студентите за значењето на наставничката професија и оспособување на студентите за планирање, организирање, реализирање и вреднување на наставата (методичко-дидактички аспекти). Истражувањето открива дека студентите имаат умерен до позитивен однос кон постојниот модел за педагошко/професионално практично оспособување. Нивната самопроценка за нивото на практичната оспособеност укажува на неколку слабости на постојниот модел: мал број на часови, пропусти во процесот на менторирање (училишните ментори и факултетски ментори) и супервизијата во третото ниво на практичното оспособување (педагошкиот стаж), временска некомпатибилност во текот на студирањето на стекнување на теориските знаења по некои предмети и нивна имплементација во практиката. Истражувањето има исклучително апликативно значење.

**Petrovska, Sonja** and Stavreva Veselinovska, Snezana (2013) *Contemporary Pedagogical Approaches for Developing Higher Level Thinking on Science Classes*. Procedia - Social and Behavioral Sciences, 92. pp. 702-710. ISSN 1877-0428

Истражувањето претставува обид да се најде одговор на прашањето – Како наставата по биологија може да се претвори во работилница во која ќе се развива дивергентното мислење кај учениците преку примена на истражувачки техники на учење и поучување. Во истражувањето беа вклучени наставници по биологија од шест градови во Р. Македонија. Користен е соодветен методолошки пристап. Добиените резултати врз основа на полуструктурирано интервју и систематско неекспериментално набљудување се обработени квалитативно и се дадени предлози за унапредување на наставната практика преку воведување на работилнички модел на настава и стратегии за активно и интерактивно учење и поучување.

**Stavreva** V. Snezana and **Petrovska, Sonja** (2013) *Interactive learning in programmed teaching of the subject "Based of nature science" at Faculty of educational science– R. Macedonia*. Proceedings of the Fifth International Scientific Conference – FMNS 2013, 4. pp. 157-165. ISSN 1314-0272

Трудот претставува обид да се направи анализа на можностите што ги нуди програмираната настава за зголемување на интеракцијата во училницата (ученик-ученик, ученик – наставна содржина, ученик-наставник), со посебен осврт во наставата по биологија.

**Petrovska, Sonja** and Stankovska, Ana (2013) *Теориските аспекти на социометрискиот статус на учениците (отфрлени/прифатени) и неговото образовно значење*. Зборник на трудови - Прва меѓународна научна конференција: Влијанието на научнотехнолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија, 1 (1). pp. 614-621.

Трудот преставува преглед и евалуација на теориски поставки и истражувачки сознанија во врска со поврзаноста на социометрискиот статус на учениците и воспитно-образовните постигнувања. Научните сознанија откриваат дека прифатеноста на учениците од врсници има исклучително значење за нивниот социјален, емоционален и когнитивен развој, а ова пак врз севкупните воспитно образовни постигнувања. Оттука, експлицитна е потребата од користење на научните достигнувања во развојот на позитивна социјална интеракција меѓу врсниците во училишната практика и зајакнување на компетенциите на наставниците во ова подрачје. Во трудот се предлага воведување на ново подрачје за мерење на училишниот квалитет, именувано од авторите како – социјална интеракција во ученичкиот колектив. Користените извори се нови и релевантни за избраниот проблем.

**Petrovska, Sonja** and Bocvarova, Jadranka (2013) *Media in preschool age of child's life*. Педагогика Научнотеоретично и методическо списание, 85 (6). pp. 877-889. ISSN 1314-8540

Трудот има емпириски карактер и третира мошне актуелно и комплексно воспитно-образовно прашање – Контролата врз содржините и интензитетот и зачестеноста на присуството на медиумите во животот на децата од предучилишна возраст. Проучени се ставови и мислења на 12 воспитувачи кои работат со деца од големи групи во две детски градинки (урбана средина – Штип, Р. Македонија) и 149 родители на децата од избраните групи. Посебно значаен показател е детекцијата дека во семејството отсуствува систематско и континуирано учество на родителите во изборот на медиумските содржини, определување на честотата/временскиот интервал на користењето на компјутерот и телевизорот. Резултатите откриваат дека: медиумите (компјутер, детскат литература, телевизија) систематски и планирано се користат како воспитно-образовни средства и дека истите имаат позитивно влијание врз развојот на логичкото мислење на децата, способностите за опишување, прераскажување и раскажување, како и градењето на способности за комуникација со другарчињата (социјален аспект).

**Petrovska, Sonja** and Sivevska, Despina and Cackov, Oliver (2013) *Role of the Game in the Development of Preschool Child*. Procedia - Social and Behavioral Sciences, 92. pp. 880-884. ISSN 1877-0428

Во трудот се прикажани резултати од истражување чија цел е да се утврди колку играта е застапена во воспитно-образовната работа на предучилишните установи, кои и колку од традиционалните игри се користат како средство и метод, кои и колку од современите игри се користат како средство и метод, кои игри имаат предоминантно

значење во процесот на самостојно доаѓање до знаења (согласно воспитно-образовните програми). Трудот има релевантна теориска заснованост и коректен методолошки пристап, а резултатите ја потврдуваат хипотезата дека играта и како средство и како метод без разлика на современоста доколку се применува целно и соодветствува на возраста на децата има предоминантно значење во процесот на самостојно стекнување на знаења во однос на методот на илустрација и монолошкиот метод.

**Petrovska, Sonja** (2012) *Co-operative learning as a humanistic approach to the educational process*. Воспитание - Списание за образовна теорија и практика.

Образованието кое во себе ја кумулира хуманистичката димензија како примарни цели ги поставува самоактуализацијата и автономноста на оние кои учат ги почитува нивните интереси и потреби и ја поттикнува внатрешната мотивација. Вредностите на хуманизмот може да бидат имплементирани во курикулумите, во методите, во техниките, во стратегиите на учење и поучување и конечно во стилот на наставникот. Во овој труд авторот критички и креативно, а преку анализирање, систематизирање и вреднување на научни сознанија кооперативното учење како наставна стратегија го поставил како клучен фактор за остварување на целите на хуманистичкото образование. За да се донесат релевантни заклучоци авторот користи неколку научно втемелени аргументи, поставени во форма на хипотези: кооперативното учење ги зема предвид когнитивните и афективните аспекти на учењето, ја истакнува активноста на учениците, ја промовира соработката и поддршката, а истовремено дава можност за правење баланс помеѓу индивидуалните и колективните чувства за успех/неуспех. (ПРЕГЛЕДЕН)

**Petrovska, Sonja** (2012) *Crisis and critique of school system in 20-th century (Historical perspective)*. Годишен зборник на Факултет за образовни науки, 7. ISSN 1409-9187

Имајќи предвид дека знаењата и искуствата од минатото се основен предуслов за дејствување во сегашноста и визионирање на иднината авторот прави теориска анализа, синтеза и евалуација на критичките ставови и мислења на неколку референтни проучувачи, критичари и визионери на училишното образование од 20 век кои имаат извршено влијание, а и денес се рефлектираат во концепциите за развој на училишното образование (на научно, стручно, теориско и практично ниво).

**Petrovska, Sonja** (2011) *Do our schools need teachers – leaders*. Годишен зборник 2011 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 2 (2). pp. 159-169. ISSN 1857-7059

Наставниците имаат клучна улога во пренесувањето и унапредувањето на човековото искуство и знаење. Со оглед на брзиот и интензивен техничко-технолошки развој и глобализацијата, наставничката професија станува сè посложена. „Таа повеќе не се поврзува само со компетентност за учење и поучување на оние кои им ги доверило општеството, туку и со компетентност за активна партиципација во развојните текови на училишната организација". Воден од оваа европска парадигма за улогата на наставникот во училиштето и општеството, авторот на многу висперен начин ги вкрстува традиционалните и современите улоги на наставникот и карактеристиките на лидерот и лидерството како процес. Презентираниот преглед на богат истражувачки корпус во однос на избраниот проблем резултира со значајни заклучоци за унапредување на наставничката професија: лидерската улога на наставникот е значајна за демократизација на училишната клима, таа придонесува во поддршката и поттикнувањето на учениците за постигнување на повисоки училишни резултати, ги мотивира наставниците на соработка и партнерство и го поддржува процесот на доживотно учење.

**Petrovska, Sonja** and Stavreva Veselinovska, Snezana (2011) *Students' attitudes at the Faculty of Education –Stip towards the model quality for practical qualification of the students/ potential teachers*. Journal of educational theory and practice - Vospitanie, 7 (11). pp. 81-97.

Подготовката за непосредна педагошка работа на студентите-идни наставници е едно од клучните прашања за кои расправаат сите оние кои на еден или на друг начин се вклучени и/или заинтересирани за образованието. Интересот е сосема оправдан ако се има предвид научно потврдениот став – квалитетот на образованието на наставниците е една од основните детерминанти на степенот на постигнувањата на учениците. Во тој контекст, светската образовна фела постигнува консензус околу потребата за професионализација на наставничката работа барајќи одговори на прашањата: На кои

содржини треба да се стави акцент во процесот на нивното иницијално образование? Каков курикулум да се дизајнира? Дали наставниците ќе бидат поуспешни во својата работа ако во текот на иницијалното образование усвојат поголем фонд на знаења и развијат способности за примена на истите или, пак, ако се оспособат за континуирани промени на сопствената практика и трансформации на веќе стекнати педагошки стратегии? Дали во текот на иницијалното образование наставниците ќе се подготвуваат како практичари кои рутинирано ќе применуваат проверени дидактичко–методички приоди или како рефлексивни професионалци кои во секој момент од своето педагошко дејствување ќе можат да одговорат не само на прашањата што и како нешто се работи, туку и зошто се работи?

Авторите во трудот се обиделе да дадат одговор на поставените прашања и да предложат редизајнирање на моделот за практично оспособување на наставниците во рамки на иницијалното образование.

**Petrovska, Sonja** and Bocvarova, Jadranka and Petrovska, Ana (2011) *Some characteristics of the development of teachers' education in the Republic of Macedonia (from School of Teachers' Education to Faculty of Education).* Journal of educational theory and practice - Vospitanie, 7 (11). pp. 111-124.

Во трудот проблемот на институционално образование на наставниците во Р Македонија е третиран од историски аспект. Мошне систематично се претставени податоци за развојот на истото во периодот од појавата на Учителската школа во Штип, сè до 2010 година, кога подготовката на наставници во Штип се остварува во рамки на Педагошкиот факултет. Освен систематизацијата на законската легислатива и основањето на овие институции е направена сериозна анализа во неколку подрачја согласно со кои се определува квалитетот на организациите: наставнички кадар, наставни/студиски програми, цели, поставеност на ученикот/студентот во воспитно-образовниот процес. Посебно значајно е сознанието и аргументираниот заклучок на авторите дека „Законската легислатива, педагошката документација, како и стручните и научните записи за работата на Учителската школа „Гоце Делчев" во Штип јасно го потврдуваат нејзиниот стремеж/визија за создавање на совршени учители, учители кои имаат љубов и кон професијата и кон учениците, учители кои поседуваат високи морални, интелектуални, карактерни и естетски квалитети" (современа парадигма) преглед

Stavreva Veselinovska, Snezana and **Petrovska, Sonja** and Zivanovic, Jordan (2010) *How to help children understand and respect nature?* Procedia Social and Behavioral Sciences, 2. pp. 2244-2247. ISSN 1877-0428

Трудот е значаен заради неговата намера да ја аргументира потребата од еколошко воспитание на децата од најрана возраст и да укаже на значењето на возрасните, посебно на наставниците и воспитувачите, во артикулирање на таа потреба. Во трудот доминира аргументација на филозофијата – човекот е пред сè природно суштество.

***Учество во проекти (2010-2015)***

1. „Проект за меѓуетничка интеграција во образованието", УСАИД и МЦГО, 2013-2014 (панелист);
2. „Зајакнување на интеретничката работа со млади во универзитетскиот курикулум за идни наставници", 2014 - 2016, Центар за балканска соработка LOJA – Тетово и KURVE Wustrow e. V. - Вустров, Германија, (предавач).
3. „Рака за рака: малите Бугарчиња и Македончиња" IPA CROSS-Border Programme CCI Number 2007CB16IPO007 Project: RD-02-29-162/23.07.2012 Ref.: 2007CB16IPO007-2011-2-104 (консултант и реализатор на две работилници).
4. Раководител (главен истражувач) е на научноистражувачки проект под наслов - Професионален развој на наставниците во Република Македонија – состојби и перспективи, 2015-2017, финансиран од Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Проф. д-р Соња Петровска во последниот изборен период била рецензент на три практикуми и три скрипти. Како и рецензент на проект – Слабости и предности на одделенската настава во рамките на деветгодишното основно образование, носител – Педагошки факултет Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.

Проф. д-р Соња Петровска била член на научни и организациони одбори на научни и стручни конференции, уредник е на годишниот зборник на Факултетот за образовни науки, член на Редакцискиот одбор на списанието *Воспитание*, ФОН, Универзитет „Гоце Делчев – Штип, уредник на зборник на трудови од. Научно-стручна трибина „Компетенциите и професионалниот развој на учителот во 21 век, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, 3.10.2013 г., Штип, Р. Македонија.

Кандидатката д-р Соња Петровска своите научноистражувачки и стручни достерели, во последниот изборен период, активно ги споделува низ учество на повеќе конференции, симпозиуми и трибини, за што има приложено и сертификати.

**УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ И ТРИБИНИ ВО ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОРЕН ПЕРИОД**

**(2010-2015)**

1. **Sonja, Petrovska,** THROUGH COOPERATIVE LEARNING AND HUMANIZATION OF THE EDUCATION TO MULTICULTURALISM: International Conference: "Practicum of Future Pedagogues, Teachers and Kindergarten Teachers in Multicultural Environments – Experiences and Challenges", OSCE ,Macedonian Civic Education Center, Faculties of Philosophy and Pedagogy of the University of Ss Cyril and Methodius in Skopje, Faculty of Philosophy of the State University of Tetovo, Faculty of Educational Sciences of the University of Goce Delcev in Štip, Faculty of Education of the University of St. Kliment Ohridski in Bitola, 27 to 29 November 2014, Skopje **(во печат)** секциско предвање

**Petrovska, Sonja** and Bocvarova, Jadranka, *MEDIA IN PRESCHOOL AGE OF CHILD'S LIFE. :* 8 International Conference on Education: "Innovations, Challenges and Tendencies in Post Modern Education" Faculty of Education - Trakia University, Stara Zagora, Bulgaria, 12-13 Septeber 2013, Stara Zagora.

**Соња Петровска,** Ана Станковска, *ТЕОРИСКИТЕ АСПЕКТИ НА СОЦИОМЕТРИСКИОТ СТАТУС НА УЧЕНИЦИТЕ (ОТФРЛЕНИ/ПРИФАТЕНИ) И НЕГОВОТО ОБРАЗОВНО ЗНАЧЕЊЕ*. Меѓународна научна конференција на тема: „Влијанието на научно – технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија",Универзитетот Евро Балкан - Скопје, 20 - 21 декември 2013 година, Skopje

Sonja, Petrovska, INCLUSIVE EDUCATION - ROLE OF THE TEACHER AND BENEFITS: 9th International Balkans Education and Science Congress, Trakya University - Turkey, Ss. Cyril and Methodius - Makedonya, Trakia University - Bulgaria,University of Zagreb – Croatia, 16-18 October 2014, Edirne, Turkey **(необјавен)**

**Sonja, Petrovska,** KEY ASPECTS OF TEACHER QUALITY – NATIONAL AND INTERNATIONAL DOCUMENTS: First international scientific conference: social change in the global world, Center for Legal and Political Research on Faculty of Law,University "Goce Delchev"- Shtip, 11-13 September 2014, Stip, R Macedonia **(необјавен)**

Sonja, Petrovska, ASSESSMENT OF TEACHERS - A PREREQUISITE FOR IMPROVING THE QUALITY OF SCHOOL EDUCATION: Меѓународна научна конференција „СОЦИО-КУЛТУРНИ ПРОБЛЕМИ И СОВРЕМЕНИ ПРЕДИЗВИЦИ„, Филозофскиот Факултет, Државен Универзитет во Тетово, 18-19 октомври 2013, Тетово, Р Македонија **(необјавен – секциско)**

Stavreva Veselinovska, Snezana and **Petrovska, Sonja,** *INTERACTIVE LEARNING IN PROGRAMMED TEACHING OF THE SUBJECT "BASED OF NATURE SCIENCE" AT FACULTY OF EDUCATIONAL SCIENCE– R. MACEDONIA: .*Fifth International Scientific Conference FMNS – 2013, South-West University - Neofit Rilski, Blagoevgrad, 12-16 June, 2013, Blagoevgrad, R Bulgaria

2. **Petrovska, Sonja** and Sivevska, Despina and Cackov, Oliver: *ROLE OF THE GAME IN THE DEVELOPMENT OF PRESCHOOL CHILD:* International Scientific Conference: Lumen International Conference Logos Universality Mentality Education Novelty, 10-13 April, 2013, LUMEN Asociation and LUMEN Publishin House, Iasi, Romania **(Outstanding participation)**

3. **Соња Петровска,** Научни скуп са међународним учешћем: САВРЕМЕНЕ ТЕНДЕНЦИЈЕ У НАСТАВНИМ И ВАННАСТАВНИМ АКТИВНОСТИМА НА УЧИТЕЉСКИМ (ПЕДАГОШКИМ) ФАКУЛТЕТИМА , Учитељски факултет у Врању, Универзитет у Нишу, 06.12.2013, Врање, Р Србија **(необјавен)**
4. **Petrovska, Sonja,** *МОЌТА И ДОСТРЕЛОТ НА РОДИТЕЛСКОТО ВОСПИТАНИЕ:* „Научно-стручна трибина „Компетенциите и професионалниот развој на учителот во 21 век, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, 03.10.2013., Штип, Р Македонија
5. **Петровска Соња,** ВРЕДНУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА НАСТАВНИЦИТЕ – ПРЕДИЗВИК НА СОВРЕМЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ: Научно-стручна трибина „Наставникот – некогаш, денес, утре", Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, 04.10.2014., Штип, Р Македонија **(необјавен, пленарно)**

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Евалуацијата на трудовите презентирани на стручни собири и трибини е презентирана во списокот на научни и стручни трудови објавени во последниот изборен период (2010-2015).

Во последниот изборен период д-р Соња Петровска активно е вклучува во професионалниот развој на наставниците во Р. Македонија. Со Одлука на БРО на Р. Македонија била ангажирана за реализирање на четири дводневни обуки на средношколски наставници на тема „Современи методи во наставата, активно вклучување на учениците и поттикнување на нивната креативност". Во два мандати била претседател на државната комисија за полагање на стручен/приправнички испит на наставници во одделенска настава (Решение од министерот за образование и наука бр. 10-62/1 од 10.1.2011 г.). Преку трибини и јавни настапи го промовира општественото значење на наставничката професија.

Таа членува и учествува во работата на неколку професионални асоцијации: член на Граѓанската асоцијација на учители – Штип; член на Извршниот одбор на Граѓанската асоцијација на учители и член на Комисијата за доделување на признанието *Учениците и професорите на учителската школа „Гоце Делчев",* Штип; член на Научно друштво за образование и педагогија – Скопје, Р. Македонија.

Д-р Соња Петровска со исклучителна посветеност учествува во развојот на својот факултет. Активен партиципиент е во работата на повеќе комисии и тела на Факултетот и Универзитетот: Комисија за разгледување на барања од студенти, Дисциплинска комисија, Комисија за нормативна и издавачка дејност, комисии за изработка на студиски програми за прв, втор и трет циклус студии. Значаен придонес дала во креирањето на студиските програми за одделенска настава (прв циклус); Училишна педагогија (втор циклус) и Училишна педагогија (трет циклус).

Проф. д-р Соња Петровска била член на Универзитетскиот сенат, член на Интеруниверзитетската конференција на РМ, раководител на Одделот за одделенска настава. Во моментот е декан на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходната анализа на наставно-образовниот, научноистражувачкиот, стручно-апликативниот и организациско-развојниот ангажман на вонреден професор д-р Соња Петровска, Комисијата констатира дека станува збор за исклучително искусен, посветен, отворен и иновативен наставник. Континуирано работи на осовременување на своите предметни програми и активно учествува во дизајнирањето и развојот на студиските програми на својот факултет.

Нејзиниот научноистражувачки опус се карактеризира со актуелност и оригиналност во изборот на проблеми и соодветност и коректност во поставување на методолошката рамка. Значајно придонела во промоција и унапредување на наставничката професија и развојот на педагошката наука.

Од биографските податоци и доставената целокупна документација е видливо дека д-р Соња Петровска во текот на триесетгодишното работно искуство во сферата на образованието континуирано работела на својот професионален развој и остварила респектабилни резултати.

Вонреден професор д-р Соња Петровска ги исполнува условите од Законот за високо образование на Р. Македонија, како и критериумите предвидени во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (НО=40, НИ=94, САОР=66) за избор во звање редовен професор.

Како членови на Рецензентската комисија, со особена чест и задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои нашиот предлог и Предлог-одлуката да ја достави до Сенатот на УГД за кандидатката вонреден професор д-р Соња Петровска да биде избрана во звањето редовен професор за наставно-научните области педагогија и елементарно образование (систем и методи).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Емилија Петрова-Ѓорѓева, редовен професор, претседател, с.р.**
**Снежана Мирасчиева, редовен професор, член, с.р.**
**Снежана Ставрева-Веселиновска, редовен професор, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ**
**(д-р Соња Петровска, за период 2010-2015)**

| Ред. бр. | НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|---|
| 5 | Избор во звање вонреден професор | **40** |

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 3 | Прегледен труд (СЦИ/ЦА/останати)Трудови со реден број 3, 5, 12, 14, 16 | **25** | |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) Трудови со реден број 1, 6, 7, 10, 11 | **30** | |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир Труд со реден број 4 | | **2** |
| 7 | Секциско предавање на научен собир, Предавање со реден број 1 и 6 (од прегледот за учество на конференции) | **2** | **4** |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (усно), во земјава 3, 5, 10, 11 и во странство 2, 4, 7, 8, 9 (од прегледот за учество на конференции) | **6** | **10** |
| 10 | Одбранета докторска теза | | |
| 11 | Одбранета магистерски труд | | |
| 12 | Раководител на научен проект | **4** | |
| 13 | Учесник во научен проект (преглед на проекти – 1, 2, 3) | **6** | |
| 15 | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/ останати) | **1** | |
| 16 | Уредник на зборник на трудови | **2** | |
| 17 | Уредник на зборник на трудови од научен собир | **1** | |
| 19 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | **1** | |
| | **ВКУПНО** | **94** | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 5 | Труд во стручно (научно-популарно) списание, 15,17 | **3** | **6** |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир: 2, 8, 9, 13 | **6** | **3** |
| 7 | Пленарно предавање на стручен собир: 11 (од прегледот за Учество на конференции) | **2** | |
| 11 | Уредник на зборник на трудови од стручен собир | **1** | |
| 17 | Елаборати и експертизи (рецензија на проект) | **2** | |
| 22 | Претседател на универзитетски или владини тела Претседател на државната комисија за полагање на стручен/ приправнички испит на наставници во одделенска настава) | **10** | |
| 23 | Декан | **12** | |
| 27 | Член на универзитетски или владини тела (1.Сенат, 2. Комисија за издавачка и нормативна дејност,3. Интеруниверзитетска конференција на РМ | **15** | |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија | **6** | |
| | **ВКУПНО** | **66** | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД НО, НИР и САОР** | **200** | |